Врз основа на член 39 од Статутот на Македонската Риболовна Федерација (во понатамошниот текст МРФ) и Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов на Република Македонија, Управниот одбор на МРФ на седницата одржана на___29.01.2025___ година донесе :

# П Р О П О З И Ц И И

за натпревари во 2025 година за дисциплина „Пливка“

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овие пропозиции поблиску се уредуваат прашањата во врска со организирањето на натпреварите од страна на МРФ и ЗСР, СРК, СРД, (скратено име за сите риболовни здруженија и клубови во понатамошниот текст е РЗК) и тоа:

1. Прва лига категорија сениори
2. Прва лига категорија У-20 и У-25
3. Прва "Супер Лига" сениори
4. Куп натпревари на Република Македонија;
5. Државно првенство на РМ во категорија У-15
6. Средби на спортски риболовци;
7. Средба на членови на УО, комисии и судии
8. Натпревари во организација на РЗК.

**Член 2**

Натпреварите на кои се однесуваат овие Пропозиции, во сите конкуренции, се одржуваат согласно Правилата и Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов во Р. Македонија.

**Член 3**

Со натпреварите раководат:
- Организаторот (МРФ или РЗК)
- Натпреварувачката комисија на МРФ за дисциплина „Пливка“

**Член 4**

За натпреварите во организација на МРФ, се изработува Календар за секоја натпреварувачка година одделно. Во истиот се внесуваат датумите и местото на одржувањето на натпреварите во сите конкуренции, со евентуални ограничувања за техниката на ловење и видови на риби кои не се бодуваат.

За секој натпревар одделно, Натпреварувачката комисија на МРФ, изготвува Програма. Во истата се наведуваат термините и местото на одржувањето на натпреварот, евентуални ограничувања на видови на риби кои не се бодуваа и риболовен прибор, судиски колегиум, место на доделување на награди и признанија и сл. Програмата се доставува до сите РЗК членки на МРФ, најмалку 15 (петнаесет) дена пред одржувањето на

истиот..

Натпреварувачката комисија, има право да изврши промена на термините, техниката на ловење и видови на риби кои не се бодуваат, како и местата на одржувањето на одделни натпревари, по однос на виша сила, неповолни услови, како и други непредвидени ситуации поради кои не може да се организира натпреварот. Таа има обврска да ги извести сите РЗК учеснички на натпреварот најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на истиот.

**Член 5**

РЗК, организатори на натпревари во спортски риболов, до МРФ, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државен инспекторат за земјоделство и Агенција за млади и спорт, задолжително доставуваат Програма со времето и местото на одржувањето на натпреварите најмалку 15 дена пред одржувањето на истите.

**Член 6**

За учество на натпреварите, без оглед дали се во организација на РЗК или МРФ, натпреварувачите и капитените на сите екипи учеснички, задолжително треба да поседуваат спортска легитимација.

За добивање на спортска легитимација потребно е да се достават до МРФ следниве документи :

- Барање за регистрација на сите натпреварувачи и капитени на екипите;
- Спортски договори за сите натпреварувачи и капитените на екипите ;
- Лекарски уверенија за сите натпреварувачи издадено од лекар за спортска медицина или интернист;
- Лично осигурување за сите натпреварувачи.

**Член 7**

На натпреварите во организација на МРФ, капитени на екипи можат да бидат само лица со валидни спортски Договори склучени со тоа РЗК, освен на натпреварите во „Супер лигата“ каде капитен на натпреварувач може да биде и лице од друго РЗК кое поседува спортска легитимација.

На натпреварите во организација на МРФ, за одредена екипа, можат да натпреваруваат само натпреварувачи со валидни (важечки) спортски договори склучени со тоа РЗК.

## ЛИГА НАТПРЕВАРИ

**Член 8**

Лига натпреварите го носат името:

- Прва спортско риболовна лига во конкуренција (се наведува конкуренцијата);

## Прва спортско риболовна лига во дисциплина „Пливка“ - сениори:

**Член 9**

Екипите во Првата спортско риболовна лига во конкуренција сениори, ќе бидат составени од по 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач и 1 (еден) капитен на екипата.

**Член 10**

Право на учество во Првата лига во натпреварувачката 2025 година, имаат сите РЗК со повеќе екипи доколку навремено се пријават, ја уплатат годишната членарина на МРФ за за тековната година и ја платат пропишаната котизација за овој натпревар во предвиден рок.

Доколку за натпреварите, РЗК пријави 2 (две) или повеќе екипи, ист натпреварувач има право на настап само за екипата во која е пријавен пред започнувањето на натпреварите. Ова не се однесува на Куп натпревар на кој РЗК може да пријави и комбинирана екипа.

Сите РЗК, што ќе се пријават за учество во лига натпреварите во дисциплина „Пливка“- конкуренција сениори, задолжително мораат да пријават и најмалку еден натпреварувач во категорија У20 или У25.

**Член 11**

Циклусот на натпреварите за натпреварувачка 2025 година ќе трае 4 (четири) кола. Секое коло претставува посебен натпревар и се одржува во еден ден.

Натпреварите ќе траат 4 (четири) часа не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на 120 минути.

**Член 12**

Дозволена количина на прихрана за лигата е 20 литри во влажна и растресена сотојба. Мамците, заедно за ловење и прихрана, се ограничуваат на 2 литри, од кои најмногу 1 литар ларва од комарец (фуи), ½ литар дождовен црв (не сецкан) и 60 мл. вердевас (крупна ларва за на јадица). Секој натпреварувач, при проверка на прихраната и мамките, задолжително треба да поседува кофи и мерици со официјална мерка од производителот.

За чување на уловената риба во жива состојба, секој натпреварувач задолжително треба да има мрежа (чуварка) со минимална должина од 2,5 метри.

Техниките и приборот кој може да се користи и видовите риби кои се дозволени да се ловат се следниве:

Сите техники се дозволени. Најмала дозволена должина на риболовната трска е 3,90 (три запирка деведесет) метри. Сунчицата не е дозволена, сите останати видови риби се дозволени

Максимална должина за ловење со штек е 13 метри, мерено од судиите.

**Член 13**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во спортски риболов во Р. Македонија.

**Член 14**

Најдобро пласираната екипа во Првата лига се стекнува со титулата Државен првак на Р. Македонија во дисциплина „Пливка“ - сениори за 2025 година.

Најдобро пласираниот натпреварувач се стекнува со титулата Државен првак на Р. Македонија за 2025 година.

## Супер риболовна лига во дисциплина „Пливка“:

**Член 15**

Натпреварите во Супер Лигата во конкуренција сениори, ќе се одржат само во поединечна конкуренција. Циклусот на натпреварите ќе трае 2 (две) кола и секое коло претставува посебен натпревар и се одржува во еден ден.

Супер Лигата нема да се одржи доколку за истата се пријават помалку од 8 (осум) натпреварувачи. Натпреварите ќе траат 4 (четири) часа , а времето за подготовка се ограничува на 120 минути.

**Член 16**

Право на учество во Супер Лигата имаат натпреварувачи од Лигата „Пливка“ во тековната година, со единствен критериум да учествувале најмалку на 3 (три) од вкупно 4 (четири) кола во Првата спортско-риболовна лига во 2025 година. Третото и четвртото коло се задолжителни, натпреварувачот може да отсуствува само еднаш во првото или второто коло. Потребно е во определениот рок да се пријават за учество во лигата и да ја платат предвидената котизација.

Победникот од Првата лига за сениори и првите 3 (три) пласирани натпреварувачи од категорија У-25 стекнуваат право да учествуваат во Супер Лигата без плаќање на котизација.

Секој натпреварувач може да има еден капитен, при што исто лице не може да биде капитен на 2 (два) или повеќе натпреварувачи.

**Член 17**

На натпреварите во Супер Лигата задолжително е поседување на следната опрема:

- Штек со комплетна должина од 13 метри, со толеранција од –60 см (мерен од судиите),
- Најмалку 2 (два) топ-сета (резервни врвови за штек) со должина над 4 метри,
- Купинг-кит (додатен дел за прихранување со штек),
- 2 (две) меч или телемеч трски со минимална должина од 3.9 мт.
- Риболовен стол со платформа за нозе.
- Чуварка од 3.5 мт.
- Официјални мерици и кофи за прихрана,
- Кепче со минимална должина од 3 м.

При проверка на храната и мамките, доколку судиите вршат контрола на опремата пропишана во ставот 1 на овој член, времето за подготовка се продолжува за 10 минути.

Натпреварувачите кои не ја поседуваат потребната опрема, нема да можат да учествуваат на натпреварот (се дисквалификуваат за тековниот натпревар).

Проверка на опремата, судиите треба да ја извршат пред сигналот за почеток на тешка прихрана.

**Член 18**

Дозволена количина на прихрана и додатоци во Супер Лигата е 20 литри во влажна и просеана сотојба.

Во додатоци се подразбира земја, глина, чакал, ризла, разни житарици, пченка, коноп, адитиви и слично.

Во текот на целиот натпревар, дозволена е употреба на прашкаст или течен адитив најмногу до 100 мл., но тој треба претходно да се пријави кај судиите кога ја вршат проверката на прихраната и мамките.

Количина на мамки се ограничува  на 2,5 литри, од кои најмногу 1 литар ларва на комарец („фуј“), 60 мл. ларва (што се користи за на јадица*)* се прикажува во посебна мерилица и најмногу ½ литар дождовен црв (несецкан).

**Член 19**

Техниките и приборот кој може да се користи и видовите риби кои се дозволени да се ловат се следниве:

**Прво и второ коло:** Сите техники се дозволени. Најмала дозволена должина на риболовната трска е 3,90 (три запирка деведесет) метри. Сунчицата не е дозволена, сите останати видови риби се дозволени

Максимална должина за ловење со штек е 13 метри, мерено од судиите.

**Член 20**

За натпреварите во Супер Лигата 2025, ќе важат најновите Правила на FIPS-ed објавени во јануари 2023 година. Правилникот за натпревари и судење во дисциплината Пливка според FIPS-ed (01/2023), е објавен на страната на МРФ во одделот Правилници.

За пресметување на конечните пласман во Супер Лига 2025 ќе се земаат  во предвид постигнатите резултати од третото и четвртото коло од Првата лига 2025 и резултатите од двете одржани кола од Супер лигата 2025 година. Секој натпреварувач треба да учествува во сите кола од Супер лигата. Евентуалното отсуство мора да биде оправдано и натпреварувачот за тоа коло добива 0 (нула) бодови.

При пресметување на конечниот пласман, победник на Супер лигата е натпреварувачот со најмногу освоени бодови во четирите кола (3. и 4. Коло од Првата лига и двете кола од Супер лигата).

Доколку два или повеќе натпреварувачи освојат исти број на бодови од четирите одржани кола, подобар пласман ќе има натпреварувачот со поголем збир на поени од Супер лигата. Доколку имаат исти поени од Супер лигата, подобар пласман ќе има натпреварувачот со поголема вкупна изловена тежина на риби од Супер Лигата.

Во случај и на ваква еднаквост помеѓу два или повеќе натпреварувачи, подобар пласман има натпреварувач со најголема изловена тежина во било кое од четирите одржани кола. Ако и во тој случај имаат исти резултати, победникот се одлучува со ждрепка.

За избор на натпреварувачи за состав на репрезентацијата во конкуренција сениори, во 2025 година, се земаат во предвид следниве резултати:

- Двата пласмани од 3. и 4. коло од Прва лига 2025 во поединечна конкуренција се пренесуваат и се додаваат на пласманите од двете кола од Супер лигата,
- Доколку не се одржи Супер лигата, се зема во предвид пласманот од сите 4 (четири) кола од Првата лигата 2025.

Во  Супер лигата првопласираниот натпреварувач во секое коло одделно, освојува

бодови еднакви на бројот на натпреварувачите кои го започнале натпреварувањето во Супер лигата, второпласираниот за 1 (еден) бод помалку и т.н.
Пример: Ако во Супер лигата учествуваат 12 натпреварувачи, првопласираниот освојува 12 бодови, второпласираниот 11 бодови и т.н. Истиот принцип важи за натпреварите од 3. и 4. Коло од Првата лига. Натпреварувачите кои учествуваат во Супер лигата ги пренесуваат освоените бодови според резултатите од поединечната квалификација од Првата лига за 3. и 4. коло посебно. Се прави посебна табела на 12. учесниците на Супер лигата за 3. Коло од Првата лига и најдобриот освојува 12 бодови, второпласиравиот 11 и т.н. Истата табела се прави и според резултатите за 4. Коло од Првата лига и од тоа коло најдобриот освојува 12 бодови, второпласираниот 11 и т.н.

Во случај на дисквалификација поради непоседување на задолжителната опрема, натпреварувачот во тоа коло добива 0 (нула) бодови со можност да ги продолжи натпреварите во наредни кола доколку ја обезбеди потребната опрема пропишана во Член 17, став 1 од овие Пропозиции.

Во случај на дисквалификација поради црвен картон, натпреварувачот нема право да ги продолжи понатаму натпреварите за тековната година.

**Член 21**

Првите 6 (шест) пласирани натпреварувачи по завршувањето на Супер Лигата дисциплина „Пливка“ – Сениори, за 2025 година ја сочинуваат репрезентацијатана Р. Македонија на меѓународните натпревари во организација на FIPS-ed во 2025 година (Светско/Европскопрвенство).

Првакот од Спортско-риболовната лига 2025, како и првите 3 (три) пласирани натпреварувачи од лига натпреварите во категорија У-25, се здобиваат со право за учество во Супер Лига 2025 без надоместокот за котизација.

## Прва спортско риболовна лига во дисциплина „Пливка“ – категории У20 и У25:

**Член 22**

Натпреварите во конкуренции У20 и У25, ќе се организираат само во поединечна конкуренција. Натпреварувачите ќе се натпреваруваат одделно во категорија У20 и У25.

Сите РЗК, што ќе се пријават за учество во лига натпреварите во дисциплина „Пливка“- конкуренција сениори, задолжително мораат да пријават и најмалку еден натпреварувач во категорија У-20 или У-25 .

Право да пријават свои натпреварувачи за оваа лига имаат и РЗК кои немаат свои екипи во лига натпреварите конкуренција сениори, доколку навремено извршат пријава и ја уплатат годишната членарина на МРФ и котизација за натпреварувачите за тековната година во предвидениот рок. Бројот на натпреварувачи не се ограничува.

**Член 23**

Циклусот на натпревари ќе трае 4 (четири) кола,

**Прво и второ** коло ќе се организираат во истиот термин и на истата вода со натпреварите во дисциплина „пливка“ за сениори.

**Трето и четврто** коло за категорија У-20 и У-25 ќе се организираат во посебен термин од лига натпреварите во дисциплина „пливка“ за сениори.

Секое коло претставува посебен натпревар и се одржува во еден ден.

Натпреварите за категоријата У-20 ќе траат 3 (три) часа, а за категоријата У-25 ќе траат 4 (четири) часа не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на 90 минути за У-20 и 120 минути за У-25.

Максималната должина на риболовната трска за категоријата У-20 се ограничува на 11,5 метри. За У-25 максималната должина е 13 метри.

На натпреварите во **категорија У-20** нема ограничување на техниката на ловење. Максимална должина за ловење со штек за У-20 е 11,5 метри. Дозволени за ловење се сите видови риби.

На натпреварите во **категорија У-25** нема ограничување на техниката на ловење. Единствено ограничување е што риболовната трска не смее да биде пократка од 3,90 метри. Во 1. и 2. коло сончарката нема да се бодува. Во 3. и 4. коло дозволени се сите видови риби. Максимална должина за ловење со штек е 13 метри (мерено од судиите).

**Член 24**

Дозволена количина на прихрана и додатоци за категоријата У-20 е 17 литри, а за У-25 е 20 литри во влажна и просеана сотојба.

Во додатоци се подразбира земја, глина, чакал, ризла, разни житарици, пченка, коноп, адитиви и слично.

Количина на мамки се ограничува на 2,0 литри, од кои најмногу 1 литар ларва на комарец (фуи), 60 мл. ларва (што се користи за на јадица*)* и најмногу ½ литар дождовен црв (несецкан).

**Член 25**

За чување на уловената риба во жива состојба, секој натпреварувач задолжително треба да има мрежа (чуварка). За категорија У-20 минималната должина е 2 метри, а категорија У-25 минималната долшина е 2,5 метри.

**Член 26**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во спортски риболов во Р. Македонија.

Најдобро пласираниот поединец се стекнува со титулата Државен првак на Р. Македонија одделно во категорија У20 и У25 во дисциплина „Пливка“ - за 2025 година.

Првите 3 (три) пласирани натпреварувачи од лига натпреварите во категорија У-25, се здобиваат со право за учество во Супер Лига 2025 без надоместокот за котизација.

## ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО

**Член 27**

Државно првенство на Р.Македонија во дисциплина „Пливка“ се организира во следниве категории: инвалиди и глуви, сениорки и во категорија У15. Право на учество

имаат сите РЗК, членки на МРФ, со една или повеќе екипи, доколку навремено се пријават за натпреварот, ја уплатат годишната членарина на МРФ за тековната година и ја платат пропишаната котизација во предвидениот рок.

**Член 28**

Натпреварот ќе се организира како еден натпревар во два натпреварувачки дена.

**Член 29**

Натпреварите во сите категории, нема да се одржат доколку се пријават помалку од 3 (три) екипи.

Доколку за натпреварот се пријават помалку од 3 (три) екипи натпреварот ќе се одржи само во поединечена конкуренција доколку се пријават најмалку 7(седум) натпреварувачи.

**Член 30**

Натпреварите во сите категории ќе траат 3 (три) часа, не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка во сите конкуренции се ограничува на најмногу 60 минути.

Дозволен е прибор по слободен избор. Максимална дозволена должина на риболовната трска за У-15 е 10 (десет) метри, кај сениорките и инвалидите е 11,5 (единаесет запирка пет) метри. Нема ограничување на видот и големината на рибите.

**Член 31**

Екипите за Државното првенство во дисциплината „Пливка“, во сите категории, се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 резервен натпреварувач и 1 капитен на екипа.

Во екипите во сите категории може да настапи и по 1 (една) натпреварувачка од иста категорија.

**Член 32**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно најновите Правила за натпревари во спортски риболов во Р. Македонија.

**Член 33**

Најдобро пласираниот поединец и екипа се стекнуваат со епитет Државен првак на Република Македонија во дадената дисциплина и дадената конкуренција за 2025 година.

## КУПОВИ НА РМ

**Член 34**

Куп натпреварите на Р. Македонија во дисциплините „Пливка“, се одржуваат секоја година во категориите Сениори, Сениорки, Мастери (55 години и повозрасни), Инвалиди и глуви и У-15.

Купот на Р. Македонија, во дисциплината „Пливка“ во категорија У-15 се одржува секоја година и го носи името *"*Куп РИБАРЧЕ*"*.

Куповите се организираат како натпревар во еден натпреварувачки ден.

**Член 35**

Право на учество имаат сите РЗК членки на МРФ во дисциплината „Пливка“, во сите категории, со повеќе екипи, доколку навреме поднесат пријава за екипите , ја уплатат годишната членарина на МРФ и ја платат пропишаната котизација за овој натпревар во предвидениот рок.

На Куп натпреварите во дисциплината „Пливка“, во конкуренција Сениори и У15, РЗК може да пријави повеќе екипи независно од составот во кој настапувале во Лига натпреварите 2025 или Државно првенство за У15. Постигнатите резултати ќе бидат бодувани во изборот за екипа на година, само доколку екипата настапи во ист состав на Купот и Лига натпреварите.

**Член 36**

Во сите категории екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) капитен на екипа и 1 (еден) резервен натпреварувач.

**Член 37**

Дозволен е прибор за ловење по слободен избор и улов на сите видови и големини на риби, освен во категоријата на сениори каде сончарката не се бодува и риболовната трска мора да е подолга од 3,9 метри.

Времетраењето на натпреварите во конкуренција сениори и мастери е 4 (четири) часа не сметајќи го времето за подготовка (најмногу 120 минути), во конкуренција ветерани, сениорки, инвалиди и глуви, 3 (три) часа не сметајќи го времето за подготовка (најмногу 90 минути), и за У-15 е 3 (три) часа не сметајќи го времето за подготовка (најмногу 60 минути).

**Член 38**

На Куп натпреварите, во сите дисциплини, резултатите се утврдуваат и награди се доделуваат само во екипна конкуренција. Поединечниот пласман се бодува само за избор на спортист на годината.

Најдобро пласираната екипа во одредена конкуренција, се стекнува со титулата Победник на Купот за 2025 година.

Трите најдобропласирани екипи учесници на Купот на Македонија – пливка во конкуренција сениори за 2025, се стекнуваат со право за учество на Балканско првенство кое оваа година ќе се одржи во Босна и Херцеговина.

МРФ на 8. седница на УО одржана на 29.01.2025 год., донесе одлука за финансиска помош за плаќање котизација и гориво за учество на екипите на Балканското првенство кое ќе се одржи во Босна и Херцеговина, во висина од 1.100 (илјада и сто) евра. Средствата ќе бидат распоредени на следниов начин:

- 800 евра котизација за двете првопласирани екипи од Купот на Македонија,
- 300 евра за гориво за трите првопласирани екипи од Купот на Македонија за учество на Балканското првенство.

## СРЕДБИ на СПОРТСКИ РИБОЛОВЦИ

## Средба на ВЕТЕРАНИ

**Член 39**

Средба на ВЕТЕРАНИ спортски риболовци, во дисциплина „Пливка“, се одржува секоја година во екипна и поединечна конкуренција.

Право на учество имаат сите РЗК, членки на МРФ, со најмногу до 3 (три) екипи доколку навремено се пријават и ја уплатат годишната членарина на МРФ за тековната година.

На оваа средба учество можат да земат и други екипи, доколку МРФ даде согласност за учество (пример екипа на МРФ и сл.)

**Член 40**

Екипите се составени од по 3 (три) натпреварувачи и 1 (еден) капитен на екипата и може да бидат составени од мажи, жени или комбинирано.

Членови на екипата можат да бидат само спортски риболовци кои во годината во која се одржува натпреварот полнат 65 години и повозрасни.

Дозволен е прибор за ловење по слободен избор и улов на сите видови и големини на риби. Натпреварот ќе трае 3 (три) часа не сметајќи го времето за подготовка (најногу 60 минути).

**Член 41**

Победникот на средбата во екипна и поединечна конкуренција, се стекнува со титулата Победник на средбата на ветерани во дисциплината „Пливка“ за 2025 година.

## Средба на СПОРТСКО-РИБОЛОВНИ СУДИИ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИ И ЧЛЕНОВИ НА УО

**Член 42**

Право на учество имаат сите судии, членови на комисии и членови на УО на Македонската Риболовна Федерација доколку се регистрирани спортски риболовци во тековната година.

**Член 43**

Натпреварот се одржува секоја година во екипна и поединечна конкуренција.

Дозволен е прибор за ловење по слободен избор и улов на сите видови и големини на риби.

Натпреварот ќе трае 3 (три) часа не сметајќи го времето за подготовка (најмногу 60 минути).

**Член 44**

Победникот на средбата се стекнува со титулата Победник на Средбата на спортско-риболовните судии, членови на комисии и членови на УО во дисциплината за тековна година.

## НАТПРЕВАРИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА РЗК

**Член 45**

РЗК можат да организираат натпревари во спортски риболов:

- помеѓу членовите на РЗК (клубски натпревари);
- помеѓу екипи од Р. Македонија и со учество на екипи од други држави, во сите категории на натпреварувачи и сите дисциплини.

## ИЗБОР НА НАТПРЕВАРУВАЧИ ЗА СОСТАВ НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЕКИПИ КОИ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

### Изборот на натпреварувачи за состав на репрезентација во дисциплината „Пливка“ - сениори:

**Член 46**

Првите 6 (шест) пласирани натпреварувачи по завршувањето на Супер Лигата (или Првата лига доколку Супер лигата не се одржи) за 2025 година, остваруваат право на учество во репрезентацијата на Р. Македонија за 2025 година на Светското или Европското првенство на државите (нациите), само доколку се обезбедат финансиски средства од страна на МРФ.

На меѓународните првенства, првиот ден ловат првите петопласирани репрезентативци, шестопласираниот е резерва. Вториот ден, резервниот натпреварувач го менува најслабо пласираниот од првиот ден. Доколку во првиот ден се постигне добар резултат, Стручниот штаб одлучува дали има потреба од замена во вториот ден.

### Изборот на натпреварувачи за состав на репрезентација во дисциплината „Пливка“ – У20 и У25:

**Член 47**

По завршувањето на сите предвидени кола, во категотија У20 и У25, 10 (десет) најдобро пласирани натпреварувачи (5 натпреварувачи од категорија У20 и 5 од категорија У25) би посетувале еден вид „академија“,  каде под надзор на претходно избрани тренери, би работеле на усовршување на техники на риболов и користење на риболовен прибор (пред се штек и меч).

По оценка на тренерите, 5 (пет) за Светско) или 4 (четири) за Балканско) најуспешни натпреварувачи, би ја сочинувале репрезентацијата на РМ за учество на Светското или Балканското првенство во 2025 година.

## Изборот на екипи за учество на меѓународни натпревари во дисциплината „Пливка“:

**Член 48**

Во 2025 год. во дисциплината „пливка“, во категорија сениори, првопласираната екипа во Првата лига се стекнува со право за учество на Светско-клупско првенство во 2025 година, доколку се обезбедат финансиски средства од страна на МРФ.

Доколку првопласираната екипа во лига натпреварите се откаже од учество на Светското првенство, право на учество на Светското првенство добива второпласираната екипа во Лига натпреварите. Доколку и таа се откаже, право за настап добива третопласираната и т.н.

Трите најдобропласирани екипи учесници на Купот на Македонија – пливка во конкуренција сениори за 2025, се стекнуваат со право за учество на Балканско првенство оваа година. Доколку некоја од трите првопласирени екипи се откаже од учество на Балканското првенсто, право на учество добива следна екипа според пласманот од Купот на Македонија.

Доколку Купот не се одржи, екипите кои учествуваат во Првата лига во 2025 година, се стекнуваат со право за учество на Балканското првенство оваа година.

За евентуална финансиска помош околу плаќање котизација и патни трошоци за учество на екипите на Меѓународните натпревари, се одлучува на седница на УО на МРФ.

Екипите кои стекнале право за учество на меѓународните натпревари, најкасно 30 дена пред почетокот, мора да достават одлука до Натпреварувачката комисија или до МРФ, на кои првенства ќе учествуваат. Во спротивно го губат правото на учество и нивното место ќе го заземе следата рангираната екипа.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 49**

По одржаното мерење, на сите натпревари во организација на МРФ (во сите категории и конкуренции), рибата задолжително се враќа жива во вода.

Доколку рибата не се врати во вода за членовите учесници на натреварот (натпреварувач, капитен, судија или делегат) следува казна со неучество на 10 (десет) последователни натпревари во организација на МРФ.

Доколку некој од учесниците на натпреварот (натпреварувач, капитен, судија или делегат) ја земе уловената риба, лицето се казнува со забрана за учество на натпревари во следните 3 (три) години.

**Член 50**

Капитенот, помошник капитенот и логистичкиот персонал на репрезентацијата на Р. Македонија, во дисциплина „Пливка“ги предлага НКП, а ги верификува УО на МРФ.

**Член 51**

Екипи на РЗК, членки на Македонска Риболовна Федерација, можат да настапат на меѓународни натпревари (Светско клубско првенство или КУП натпревари во рамките на Риболовната асоцијација Јадранско-Подунавска – РАЈП) под услов да го пријават своето учество на тие натпревари во МРФ најмалку 30 дена пред настапот.

Без да го пријават своето учество во МРФ, не смее да се учествува на тие натпревари. Во случај да земат учество на тие натпревари, без пријавување во МРФ, им се забранува секакво учество на натпреварите што ги организира МРФ во траење од 3 (три) години.

**Член 52**

За сите натпревари се плаќа котизација, износот го предлага НК-Пливка и го верификува Управниот Одбор на Македонската Риболовна Федерација, за секој натпревар одделно.

**Член 53**

Овие пропозиции влегуваат во сила со денот на донесувањето.

Претседател на натпреварувачка комисија - Пливка
Зоран Кожухаров